Информативно гласило на Град
# СКОПЈЕ
ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Бесплатен примерок


*Новиот кружен тек кај Порта Влае*


*Булевар Митрополит Теодосиј Гологанов – 3 дел*


*Велосипедска патека – булевар Александар Македонски*

ЗА СКОПЈЕ

# ОТЧЕТ ЗА 2015 ГОДИНА


*Уреден паркот „Македонија“ – 2 дел*


*Изграден пешачки патпатник во Хиподром*


*Катна гаража „Тодор Александров“*



*Почитувани сограѓани,*

Во рацете го држите најновото издание на Информативното гласило „СКОПЈЕ“ коешто е посветено на проектите што ги вети и ги реализира Градот Скопје, во 2015 година. На крајот на годинава редно е да го сумираме сработеното, но и да ги најавиме планираните проекти на кои ќе се посветиме во наредната, 2016 година.

Како резултат на добрата соработка со Вас, почитувани сограѓани, во текот на 2015 година Градот Скопје реализираше многубројни проекти во сите сфери на општественото живеење. Градевме кружни текови, проширивме клучни улици и булевари, работевме на унапредување на велосипедската инфраструктура во градот, вложувавме во електромобилноста и во гасификацијата на средните училишта, подигавме нови зелени површини, ја подобривме јавната хигиена преку поставување подземни контејнери, организиравме квалитетни спортски и културни манифестации.

Особено сум горд на следниве неколку проекти: го изградивме најголемиот кружен тек во Скопје, на крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и улиците Ѓорче Петров и Ацо Шопов, кај Порта Влае; го проширивме третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов и улицата Јордан Мијалков; за да се зголеми безбедноста на пешаците изградивме пешачки натпатник кој ги поврза за населбите Хиподром и Инџиково; во автобусите на ЈСП воведовме нов систем на наплата на билетите; по должината на булеварите, во парковите и во дворовите на средните училишта засадивме 9.500 садници, во две акции – пролетна и есенска...

Особено се посветивме на реализација на проектот за унапредување на велосипедската инфраструктура и за зголемување на безбедноста на велосипедистите во градот - СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017. Како дел од рутата 1 од овој комплексен проект изградивме и реконструиравме над 8.000 метри велосипедски патеки. Градежните работи на рутата 1 се пред самиот крај, со што на велосипедистите ќе им овозможиме непречено да се движат од Гази Баба, преку центарот на градот, до Карпош.

Градот Скопје и во 2016 година ќе работи на големи инфраструктурни проекти, со кои ќе се надминат многубројни долгогодишни проблеми и кои ќе го подобрат живеењето на граѓаните. Дел од овие проекти се веќе почнати, а својата завршница ќе ја имаат токму во 2016 година. Меѓу нив ќе ги издвојам: во Општина Сарај ќе ја реконструираме главната улица Сарај и улици во Глумово; во Општина Ѓорче Петров ќе го прошириме булеварот Партизански одреди до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“ и ќе го продолжиме проектот за пробивање на тесните грла на улицата Борис Сарафов; во Општина Карпош ќе градиме кружен тек кај Хубо Маркет, на булеварот 8 Септември и фекална канализација на улицата Московска; во Општина Центар ќе прошириме дел од улицата Тодор Александров и ќе ја реконструираме улицата Димитар Влахов, како дел од плоштадот пред црквата „Пресвета Богородица“; во Општина Кисела Вода ќе работиме на третата фаза од проектот за проширување и реконструкција на булеварот Борис Трајковски, на потегот од фабриката „Стакларница“ кон населбата Драчево, на продолжување на булеварот Србија до улицата Христо Татарчев, каде што ќе се изгради голема кружна крстосница и на проширување на улицата Павел Шатев; во Општина Аеродром ќе ја довршиме втората фаза од проектот за проширување на булеварот Трета македонска бригада, на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев, ќе го градиме булеварот АСНОМ во делот на Ќерамидница до новата сала „Јане Сандански“ и делот од булевар АСНОМ од последна 5-ка кон куќите во Лисиче - прва фаза; во Општина Гази Баба ќе ја завршиме првата фаза од проектот за проширување и реконструкција на улица Маџари, ќе го доградиме кружниот тек меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец кај населбата Железара, а ќе работиме и на проширување на булевар Александар Македонски од „Агросервис“ до клучката Дијамант; во Општина Чаир ќе работиме на реконструкција и проширување на булеварот Христијан Тодоровски Карпош во делот на Чаир, како и на изградба на 4-та лента на булеварот Никола Карев; во Општина Бутел ќе го пробиеме булеварот Христијан Тодоровски Карпош кон обиколницата и ќе ја доградиме новата атмосферска канализација на улиците Александар Урдаревски и Боца Иванова; а во Општина Шуто Оризари ќе го доградиме новиот водовод.

Во соработка со Вас, почитувани сограѓани, и во 2016 година ќе понудиме многубројни квалитетни решенија на урбаните проблеми и посветено ќе работиме на подобрување на животот во метрополата.

*Коце Трајановски*
*Градоначалник на Град Скопје*


**„СКОПЈЕ“**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје

*На булеварот Партизански одреди, кај Порта Влае*

# ИЗГРАДЕН НАЈГОЛЕМИОТ КРУЖЕН ТЕК ВО СКОПЈЕ







На вкрстувањето на булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров, кај Порта Влае, во мај 2015 година беше изграден најголемиот кружен тек во Скопје, а булеварот Партизански одреди беше проширен до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров. Новото сообраќајно решение кај Порта Влае придонесе да се зголеми безбедноста во одвивањето на сообраќајот во овој дел на градот, да се олесни движењето кон излезот на Скопје и да се уреди просторот.

- На крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и улиците Ацо Шопов и Ѓорче Петров е формиран најголемиот кружен тек во Скопје, со дијаметар од 40 метри, коловоз со ширина од 9 метри, заштитна патека од 1,5 метри и средишно зеленило. Кружниот тек се состои од две сообраќајни ленти. По кружниот тек, гледано во насока кон Ѓорче Петров, булеварот Партизански одреди е проширен до влезот во автобазата на ЈСП. Со проширувањето, булеварот доби по три коловозни ленти во секоја насока, средишна жардиниера, велосипедска и пешачка патека. Во текот на градежните работи е извршена и реконструкција на 100 метри од улицата Ѓорче Петров и на 162 метри од улицата Ацо Шопов, на деловите што влегуваат во кружниот тек. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек е изградена атмосферска канализација, на вкупна должина од 472 метри. За градежните работи за проширување на булеварот Партизански одреди до автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров и за изградба на кружен тек кај Порта Влае, Градот Скопје потроши 50,5 милиони денари. Новото сообраќајно решение кај Порта Влае го осветлуваат 13 столба за улично осветлување, со 32 светилки, а Градот Скопје за овој дел од проектот вложи 885.799 денари. Кај новоизградениот кружен тек на булеварот Партизански одреди е уредено зеленило на вкупна површина од 4.604 квадратни метри, за што се вложени околу 2 милиона денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за изградба на кружен тек кај Порта Влае и проширување на булеварот Партизански одреди до базата на ЈСП во Ѓорче Петров изнесува 53,4 милиони денари - вели градоначалникот Коце Трајановски.

# ЧЕТИРИ ЛЕНТИ И ЗА ТРЕТИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ







Булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов во мај 2015 година доби четири коловозни ленти и на потегот од крстосницата со булеварот 8.Септември до улицата Московска.

- Проширувањето и реконструкцијата на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов е уште еден капитален проект на Градот Скопје којшто овозможи побезбедно одвивање на сообраќајот, намалување на метежот и скратување на времето на патување. Со проширувањето, на оваа делница од булеварот, долга 1.600 метри, се формирани 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Од двете страни на проширениот коловоз се изградени тротоари, покриени со павер-елементи. Градежните работи беа искористени за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.493 метри и да се изврши реконструкција на постојната фекална мрежа. Градот Скопје за градежните работи на оваа делница потроши околу 81 милион денари. Третиот дел од проширениот булевар Митрополит Теодосиј Гологанов го осветлуваат 82 столба за улично осветлување на коишто се поставени 108 светилки, а за овој зафат Градот Скопје одвои околу 11,6 милиони денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов изнесува 92,6 милиони денари - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

# ПРОШИРЕНА УЛИЦАТА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ

Улицата Јордан Мијалков во текот на летото 2015 година беше проширена и реконструирана на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев.

- Со проширувањето, оваа претходно тесна и нефункционална улица доби три сообраќајни ленти со ширина од по 3,25 метри на должина од 750 метри, сервисна коловозна лента со паркинг широка 6 метри и долга 200 метри и тротоар покриен со бекатон-плочки. Реконструкцијата на улицата Јордан Мијалков беше искористена за да се постави нова атмосферска канализација, а се изврши и реконструкција на постојната водоводна и фекална мрежа. Градот Скопје за градежните работи на оваа сообраќајница вложи околу 43 милиони денари. Новопроширената улица ја осветлуваат 19 столбови за осветлување на кои се поставени 32 светилки, а Градот Скопје за овој зафат потроши околу 2 милиона денари. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков, на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев изнесува околу 45 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.


ПОТОА


ПРЕТХОДНО

# КРУЖЕН ТЕК ЌЕ ГИ ПОВРЗЕ УЛИЦИТЕ 16.МАКЕДОНСКА БРИГАДА И КОЦЕ МЕТАЛЕЦ

Кружен тек ќе ги поврзе улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец, во населбата Автокоманда, во општината Гази Баба. На терен е веќе поставена атмосферската канализација, а деновиве интензивно се работи и на деловите на улиците што влегуваат во оваа кружна крстосница.

- На местото на постојната непрегледна крстосница меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец ќе се формира кружен тек со дијаметар на средишниот зелен појас од 60 метри. Во самиот кружен тек ќе се формираат 2 сообраќајни ленти со вкупна ширина од 9 метри. Ќе се изврши и реконструкција на коловозот на улицата 16.Македонска бригада, на должина од 390 метри, како и на дел од улицата Коце Металец, на должина од 240 метри. Околу кружниот тек и на влезните улици ќе се уреди нов тротоар и велосипедска патека. Во текот на градежните работи ќе се изврши и заштита на гасоводната цевка, а ќе се изврши и реконструкција на водоводната мрежа, на должина од 52 метри. На новиот кружен тек меѓу улиците 16. Македонска бригада и Коце Металец, во населбата Автокоманда, ќе се постави ново улично осветлување. Градот Скопје за овој сложен градежен зафат ќе потроши околу 45 милиони денари – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



# ПОЧНА ПРОБИВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ ВО БУТЕЛ

На 5 декември 2015 година почна пробивањето на булеварот Христијан Тодоровски Карпош во Бутел - прва фаза.

Во првата фаза, новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе се гради на потегот од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до крстосницата со улицата Натанаил Кучевишки, во должина од 1.000 метри. Новиот булевар ќе се состои од 6 сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки од двете страни и средишно зеленило. На новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе се постави водоводна мрежа и нова атмосферска канализација, како и фекална канализација. На булеварот ќе биде поставено ново улично осветлување. За реализација на првата фаза од овој капитален проект, Град Скопје ќе издвои 160 милиони денари или околу 2,6 милиони евра, а за расчистување на имотно-правните односи на трасата Град Скопје издвои дополнителни 1,6 милиони евра.



# И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА ЌЕ ДОБИЕ НОВ ЛИК

Проширувањето и реконструкцијата на вториот дел од улицата Трета македонска бригада, во Аеродром, е во тек. Градежните работи се изведуваат на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев, на делница долга 1.400 метри.



- Со проширувањето, оваа тесна и нефункционална улица ќе добие 4 сообраќајни ленти (по две ленти во секоја насока), зелен појас од 1,5 метри, велосипедска патека и тротоари. Ќе се изгради и средишна жардиниера со ширина од 5 метри. Градежните работи ќе се искористат за да се постави нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.400 метри. На булеварот ќе се постави ново осветлување со 81 столб за улично осветлување. За градежните работи, за дислокацијата на подземните инсталации и за осветлувањето на оваа новопроширена делница Градот Скопје ќе потроши околу 104 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

# ПРОШИРЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ЦВЕТАН ДИМОВ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ проширија и реконструираа 200 метри од улицата Цветан Димов, пред ТЦ „Чаирчанка“. Со овој зафат, улицата доби по 3 сообраќајни ленти во секоја насока и нови тротоари.

Овој градежен проект придонесе да се олесни одвивањето на сообраќајот во овој дел на општината Чаир.

# СЕ ПРОШИРУВА УЛИЦАТА МАЏАРИ...



Улицата Маџари во општината Гази Баба в година ќе добие четири сообраќајни ленти на потегот од крстосницата со улицата Јужноморавски бригади до улицата Палмиро Тољати, во должина од 666 метри. Градежните работи за проширување и реконструкција на оваа делница се одвиваат според предвидената динамика.

- Оваа тесна и нефункционална улица ќе добие 4 сообраќајни ленти, по две ленти во секоја насока, нови тротоари и велосипедска патека, како и ново улично осветлување. Градежните работи ќе се искористат за да се постави нова атмосферска канализација од раскрсницата на улицата Јужноморавски бригади со улицата Методија Андонов Ченто до надвозникот во Маџари, којашто ќе го реши долгогодишниот проблем со одведувањето на атмосферските води - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Проектот за проширување и реконструкција на улицата Маџари ќе се реализира во две фази. За оваа прва фаза од проширувањето на улицата Маџари Градот Скопје ќе вложи околу 52 милиона денари.

# ...И РАСКРСНИЦАТА НА УЛИЦИТЕ БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ И ЖАН ЖОРЕС, ВО МАЏАРИ



Градежните работи за проширување на раскрсницата на улиците Благоја Стефковски и Жан Жорес, во населбата Маџари, општина Гази Баба, се пред крај.

Улицата Благоја Стефковски при влегувањето во крстосницата се проширува за да се формира посебна лента за вртење во лево и посебна лента за движење право, од двете страни на крстосницата, со што ќе се овозможи растоварување на сообраќајот. За реализација на овој проект Градот Скопје ќе одвои околу 4,5 милиони денари.

Обновен е и коловозот на крак од улицата број 22, кај стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, општина Гази Баба. За санација на потегот долг 190 метри од буџетот на Град Скопје се издвоени 1,2 милиони денари.

## АСФАЛТ ЗА УЛИЦАТА ВО ШИШЕВО

На барање на жителите на Шишево екипите на Град Скопје ја обновија главната улица која поминува низ ова населено место. Улицата е асфалтирана на вкупна должина од 1.650 метри, а Градот Скопје за овој зафат одвои 8 милиони денари.

Во близина на Шишево е извршена и санација на коритото на реката Треска, за што беа издвоени дополнителни 2 милиона денари.

# НОВ АСФАЛТ ЗА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ...




Булеварот Јане Сандански доби нов асфалт на потегот од катната гаража „Илинден" до крстосницата со улицата Васко Карангелевски, во должина од 475 метри.

Во текот на градежните работи на булеварот Јане Сандански беше отстранет постојниот оштетен асфалтен слој, нивелирани беа 30 шахти и сливници, заменети беа оштетените рабници, а обновен е и носечкиот слој, по што на коловозот беше нанесен нов асфалтен слој Сплит Мастикс од еруптивно потекло на површина од околу 9.000 квадратни метри. Градот Скопје во овој зафат вложи околу 14 милиони денари.




Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на булеварот Јане Сандански што Градот Скопје го реализира во 2012 година, кога овој булевар доби нов асфалт на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата кај катната гаража „Илинден".

# ... И ЗА УЛИЦАТА КЕМАЛ СЕЈФУЛА




Екипи на Градот Скопје изминатава есен го обновија коловозот и на улицата Кемал Сејфула во општината Бутел, којашто се реконструираше на потегот од крстосницата со улицата Ферид Бајрам до крстосницата со улицата Босна и Херцеговина, во должина од 375 метри.

На оваа делница од улицата Кемал Сејфула беше отстранет постојниот стар и оштетен асфалт, нивелирани беа 22 шахти и сливници, заменети беа оштетените рабници, засилен беше и носечкиот слој, а потоа на коловозот беше нанесен нов асфалт. Градот Скопје во овој зафат вложи околу 10 милиони денари.




Овој проект е продолжување на проектот за реконструкција на улицата Кемал Сејфула што Градот Скопје го реализира во 2010 година, кога улицата беше реконструирана на потегот од крстосницата со булеварот Џон Кенеди до крстосницата со улиците Втора македонска бригада и Ферид Бајрам. Со тоа, улицата Кемал Сејфула доби целосно нов лик.

# НОВАТА ФОНТАНА АТРАКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“

Сместена на просторот меѓу фонтаната „Воин на коњ“ и влезот во Камениот мост новата површинска фонтана на плоштадот „Македонија“, која беше пуштена во август 2015 година, стана вистинска атракција.

Станува збор за површинска, таканаречена сува фонтана со правоаголна форма и со димензии 20 на 10 метри и вкопано армирано-бетонско корито. Површината врз армирано-бетонското корито е изработена од светлосиви гранитни плочи. На плочите од фонтаната се поставени ЛЕД светилки со отвори за вградување млазник. Фонтаната ја сочинуваат 128 млазници со 128 светилки, како и 16 ламинарни параболични прскалки. Визуелниот ефект на фонтаната се постигнува



со игра на млазевите, а навечер и со игра на светлата.

Водата што прска од млазниците понира меѓу плочите и се враќа во системот.

# НОВ ПЛОШТАД СЕ ГРАДИ ПРЕД ЦРКВАТА „ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА“

Екипите на Градот Скопје го оформуваат плоштадот пред црквата „Пресвета Богородица“, на просторот на постојната улица Димитар Влахов, на потегот од булеварот Филип Втори Македонски до булеварот Крсте Мисирков, на вкупна површина од 5.500 квадратни метри. Со овој проект, улицата Димитар Влахов ќе стане пешачка зона. На овој простор деновиве се редат гранитните коцки, а потоа, на новоформираниот плоштад ќе се постават клупи, корпи за отпадоци и две чешмички за пиење вода.





На плоштадот ќе се постави и ново осветлување. За да се овозможи пристап на возилата за итни случаи, на влезот во плоштадот ќе се постават хидраулични метални столпчиња.

Кејскиот ѕид, пак, ќе се обложи со бел мермер, а потоа на него ќе се монтира ограда со висина од 75 сантиметри.

Градот Скопје за реализација на проектот за оформување плоштад пред црквата „Пресвета Богородица“ ќе одвои околу 34,3 милиони денари со ДДВ.

# ШУТО ОРИЗАРИ ЌЕ ДОБИЕ НОВ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ



Изградбата на новиот водоснабдителен систем за општината Шуто Оризари е во тек. Веќе е изградена карабината на пумпната станица кај поранешната фабрика АД „ТИПО“ на булеварот Словенија и се работи на опремување на објектот. При крај се градежните работи и на резервоарот за вода на улицата Гвадалахара.

- Со изградбата на овој нов систем за водоснабдување ќе се решат децениските проблеми со водоснабдувањето во населбите Шуто Оризари и дел од Скопје Север. За новиот водоснабдителен систем се гради резервоар од 4.350 кубни метри во близина на постојните резервоари на ЈП „Водовод и канализација“ на улицата Гвадалахара; пумпна станица кај поранешната фабрика на АД „ТИПО“ на булеварот Словенија и цевковод со должина од 2,3 километри и профил од 500 милиметри кој ќе води од пумпната станица, па по улиците Шуто Оризари, Виничка, Че Гевара, Плачковица и Бутелски венец – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 182.367.800 денари со вклучен ДДВ. Во финансирањето на овој проект Градот Скопје ќе учествува со 43,7 насто од средствата, односно со 79,7 милиони денари; ЈП „Водовод и канализација“, исто така, со 43,7 насто, односно 79,7 милиони денари, а Општина Шуто Оризари ќе учествува со 12,6 насто, односно со 22,9 милиони денари од потребните финансиски средства.

# ПОПЛАВУВАЊЕТО НА ПОДВОЗНИКОТ ВО БУТЕЛ ЌЕ СТАНЕ МИНАТО



За да се овозможи непречено одведување на атмосферските води и за да се спречи поплавувањето на подвозникот во Бутел екипи на Градот Скопје градат нова атмосферска канализација по должината на улицата Боца Иванова, на потегот од реката Серава до кружниот тек во Бутел, како и по дел од улицата Александар Урдаревски, од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ.

Во текот на градежните работи за изградба на атмосферската канализација по должината на улицата Боца Иванова на терен се прави ископ и се поставуваат цевки со профил од 1.200 милиметри на должина од 782 метри. Во текот на градежните работи за изградба на атмосферска канализација на дел од улицата Александар Урдаревски, на потегот од кружниот тек до улицата Душко Поповиќ, ќе се постават цевки со профил од 1.000 милиметри, на должина од 131 метар. За овој проект Градот Скопје ќе потроши околу 34 милиони денари.

## ДОГРАДЕН ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ЗА ИНЏИКОВО

Во населеното место Инџиково е изграден третиот дел од фекалниот колектор чијашто траса води покрај автопатот Александар Македонски во правец кон стадионот „Борис Трајковски“, па се до препумпната станица Маџари. Колекторот е во должина од 679 метри.

- Со изградбата на овој колектор ќе се реши проблемот со прифаќањето и одведувањето на фекалните отпадни води од месните заедници Тумба и Питу Гули, како и дел од населените места Ченто и Камник, а корист ќе имаат околу 30.000 жители – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Инвеститор на овој проект е ЈП „Водовод и канализација“, а вредноста на инвестицијата е околу 12 милиони денари.

Изградбата на примарниот фекален колектор за населеното место Цреshево е во тек. Новиот колектор ќе биде долг 1 400 метри, со профил на цевки од 250 милиметри. За изградба на новиот фекален колектор ќе бидат вложени околу 7 милиони денари, од кои 3 милиони денари ќе одвои Градот Скопје, а 4 милиони денари ќе одвои Општината Гази Баба.

# ПЕШАЧКИ НАТПАТНИК ГИ ПОВРЗА ХИПОДРОМ И ИНЏИКОВО

Пешачки натпатник преку автопатот Скопје – Петровец оваа есен ги поврза населбите Хиподром и Инџиково, во општината Гази Баба. Градот Скопје изгради челичен натпатник со бетонски столбови, челични скали и челични рампи, кој овозможува безбеден премин на пешаци, пешаци со велосипеди и лица со посебни потреби.

Натпатникот е долг 63 метри, а широк 5,4 метри. Површината за движење е широка 3,1 метар. По должината на натпатникот е поставена ограда висока 2 метра, изработена од челични профили и челична мрежа, како и конзоли за инсталации. Новиот натпатник што ги поврза населбите Хиподром и Инџиково го осветлуваат 12 канделабри, а осветлени се и рампите.

За изградба на овој натпатник Градот Скопје вложи околу 38 милиони денари.



# ИЗГРАДЕНА МОДЕРНА КАТНА ГАРАЖА ВО ЦЕНТАРОТ

Како дел од заложбите за решавање на проблемот со паркирањето во центарот, на улицата Даме Груев Градот Скопје ја изгради модерната катна гаража „Тодор Александров“. Објектот обезбедува јавен паркинг за 604 лесни возила, паркинг-места за лица со посебни потреби, како и паркинг за 120 велосипеди.



- Објектот има приземје, 7 ката над земја и две нивоа под земја. На приземјето и на првиот кат се предвидени само деловни простории, а другите катови се исклучиво наменети за паркирање. Движењето на возилата по катови се одвива преку спирална рампа. Паркингот за велосипеди е сместен во клунот на објектот – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Катната гаража „Тодор Александров“ е опремена со најсовремени и најквалитетни системи за откривање и јавување на слободни паркинг-места; за наплата на паркирањето; видеонадзор; систем за противпожарна заштита; за откривање и јавување на CO2 и гас; за заштита од атмосферски празнења, како и систем за климатизација и вентилација. Градот Скопје за овој значаен зафат издвои околу 780 милиони денари.



Сопствениците на електромобили можат да ги користат новите станици за полнење електрични возила, коишто во 2015 година беа поставени во катната гаража „Тодор Александров“, на улицата Даме Груев и во катната гаража „Македонска фаланга“, на улицата Свети Кирил и Методиј.

*Нов проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во градот*

# СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017




Градот Скопје во 2015 година го претстави и интензивно работеше на реализацијата на капиталниот проект за унапредување на велосипедската инфраструктура во Скопје и за зголемување на безбедноста во велосипедскиот сообраќај - СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017.

- Нашата цел е да го олесниме движењето на велосипедистите, да им овозможиме на сите што користат велосипед без пречки и безбедно да стигнат до саканата дестинација и да формираме ефикасна мрежа на велосипедски патеки коишто ќе бидат поврзани и достапни за користење – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Со проектот СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017 по должината на градските улици и булевари ќе се оформат четири главни велосипедски рути кои се протегаат во насока исток – запад и 7 конектори кои се протегаат во насока север – југ, и тоа: РУТА 1 - 2014-2015 година - Гази Баба-Центар-Карпош; РУТА 2 - 2015-2016 година - Аеродром-Центар-Карпош-Ѓорче Петров; РУТА 3 - 2016-2017 година - Кисела Вода - Центар - Карпош; РУТА 4 - 2016-2017 година - Бутел-Чаир-Центар, како и седум конектори – 2017 година.

- Според барањата на велосипедистите, велосипедските патеки што ќе ги изградиме или ќе ги реконструираме ќе бидат покриени со асфалт; ќе обезбедиме рампи за непречено движење; ќе ги отстраниме постојните пречки на патеките – семафори, знаци, билборди, контејнери... Велосипедските патеки ќе ги заобиколуваат автобуските постојки од задната страна, а воведовме и унифициран и препознатлив начин за обележување на патеките – објаснува градоначалникот Трајановски.

Со реализација на проектот СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД, до 2017 година ќе се изградат и реконструираат вкупно 51 километар велосипедски патеки во Скопје.

# ИЗГРАДБАТА НА ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ ОД РУТАТА 1 - ПРЕД КРАЈ

Изградбата и реконструкцијата на велосипедските патеки што се дел од рутата 1 од сложениот проект СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017 е во завршна фаза.

Деновиве интензивно се работи на реконструкција на постојната пешачка и велосипедска патека по должината на булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со улицата Љубљанска до цвеќарницата кај Матично, во должина од 2.300 метри. Стариот и оштетен асфалт е изгребан, патеката е проширена, наместени се нови рабници и се нанесува нов асфалтен слој. За влез и излез од крстосниците се изведуваат рампи за непречено движење. Патеката ќе биде обележана со соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација.



*Се реконструира велосипедската патека на булеварот Илинден*



*Велосипедската патека на булеварот Александар Македонски*

За да се овозможи непречено движење на велосипедистите од Гази Баба, преку центарот на градот до Карпош досега се изградени следните делници од рутата 1 (на вкупна должина од 8.178 метри):

- на булеварот Александар Македонски, од клучката кај хотелот „Континентал“, до клучката Естекада, од двете страни;
- на улицата Беласица, од булеварот Гоце Делчев до клучката кај хотелот „Континентал“, од двете страни;
- на булеварот Гоце Делчев, од булеварот Крсте Мисирков до улицата Беласица, од двете страни;
- на булеварот Крсте Мисирков, од Адвокатската улица до Кеј „Димитар Влахов“;
- на булеварот Крсте Мисирков, од булеварот Гоце Делчев до Бит-пазар;
- на булеварот Кузман Јосифовски Питу, од Железничката станица до булеварот Кочо Рацин, од двете страни;
- на булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до фонтаната „Лотосов цвет“ и
- на улицата Ѓорче Петров, од булеварот Македонска војска до мостот за Сарај.



*Велосипедската патека на булеварот Гоце Делчев*

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПРВА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СО НАБАВЕНИ ЕЛЕКТРОСКУТЕРИ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Градот Скопје стана прва локална самоуправа во Република Македонија којашто набави електроскутери за потребите на градската администрација.



- Градот Скопје набави 5 електроскутери и го направи првиот директен чекор кон електромобилност во Скопје, со примена на нови технологии, движење со нула емисии на штетни издувни гасови, почиста и поздрава животна средина и намалување на трошоците за одржување. Скутерите ќе ги користат службите на Град Скопје - инспекторите, комуналните редари и други. Набавените скутери развиваат максимална брзина од 45 километри на час; имаат време на полнење 4 до 5 часа; со едно полнење скутерот поминува 50 километри, а што е најважно, возењето 100 километри со ваков скутер ќе чини 10 денари, што претставува 70 до 80 проценти заштеда во споредба со потрошувачката на еден скутер што користи нафтени деривати – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Вкупната цена на петте електроскутери изнесува 782.458 денари со ДДВ. Со ставањето во употреба на новите електроскутери Градот Скопје ќе заштеди за гориво и за одржување, а што е најважно, директно ќе придонесе за квалитетот на амбиентниот воздух и за почиста и поздрава животна средина.

# НОВИ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ ЗА ТУРИСТИЧКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ

Седум нови електромобили со ретро дизајн и пет електротротинети на почетокот на изминатава есен им беа ставени на располагање на граѓаните за туристичко разгледување на знаменитостите во центарот.

Возилата се изнајмуваат на пунктот на „Градски паркинг" на плоштадот „Македонија". Билетот за возење во електромобил чини 50 денари, а цената за изнајмување електротротинет е 100 денари од час.

За набавка на електромобилите ЈП „Градски паркинг" вложи околу 6 милиони денари, без ДДВ, а за набавка на 5-те електротротинети околу 1,9 милиони денари, без ДДВ.





*Воведен нов систем за наплата на билетите во јавниот превоз*

# ЗАМЕНЕТЕ ГИ ХАРТИЕНИТЕ БИЛЕТИ И СЛОБОДНИТЕ КАРТИ СО ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ



Градот Скопје во 2015 година го почна воведувањето на новиот систем за наплата на билетите и за автоматска локација на автобусите на јавниот превоз. Засега, овој нов начин на наплата на билетите функционира пробно, а граѓаните веќе почнаа да ги заменуваат старите хартиени билети и слободните автобуски карти со нови електронски картички. Во текот на 2016 година старите хартиени билети, слободните карти и плаќањето во кеш целосно ќе се исфрлат, а во автобусите на јавниот градски превоз (и во автобусите на ЈСП и кај приватните превозници) ќе може да се користат само новите електронски картички.

Повеќе информации за системот за електронска наплата и начинот на функционирање на новите картички граѓаните може да добијат на интернет порталот www.skopska.mk, како и на бесплатната телефонска линија 0 800 15 115.

Паралелно со системот за електронска наплата, во возилата на јавниот превоз се имплементира и системот за автоматска локација на возилата, со кој се следи движењето на секој од автобусите, од почетната до крајната станица. На автобуските стојалишта ќе се постават над 50 информациски дисплеи преку кои патниците ќе се информираат за времето на пристигнување на автобусите, а ќе бидат достапни и други комуникациски алатки за информирање.

Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата треба да биде инсталиран во вкупно 500 автобуси од јавниот градски превоз. Овој систем досега е инсталиран во вкупно 385 автобуси на ЈСП, а ќе биде инсталиран и во 115 автобуси на приватните превозници.

Проектот за воведување систем за автоматска локација на возилата и за електронска наплата е целосно финансиран од Градот Скопје и чини околу 3 милиони евра.




*12-ти и 13-ти циклус посети на скопските општини*

# СРЕДБИ СО ГРАЃАНИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Во текот на 2015 година претставниците на урбаните и на месните заедници од сите 10 скопски општини имаа можност да се сретнат со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, со директорите на јавните претпријатија и со претставниците на градската администрација во рамките на 12-от и на 13-от циклус посети на скопските општини.

На овие средби претставниците на урбаните и на месните заедници имаа можност да ги пренесат нивните ставови и мислења за работата на јавните претпријатија и на градската администрација, да дадат предлози за надминување на одредени состојби и проблеми, да разговараат за најважните проекти коишто се реализираат на подрачјето на соодветните општини и за проектите што се најавени за наредната 2016 година.

Како дел од двата циклуси посети на скопските општини се организираа и големи акции за чистење на јавните површини.



# СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА „АРСЕНИ ЈОВКОВ“ И „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“ СЕ ГРЕАТ НА ГАС

Средните училишта на Град Скопје „Арсени Јовков“ и „Зеф Љуш Марку“ од оваа грејна сезона почнаа да се греат на гас.

- На почетокот на грејната сезона ги пуштивме во употреба котлите на гас во СУГС „Арсени Јовков“, каде што учат околу 2. 000 ученици и во СУГС „Зеф Љуш Марку“ каде што учат 2. 200 ученици. Проектот за гасификација на овие две училишта е во вредност од 15 милиони денари. Според пресметките, се очекува да се заштеди околу 50 проценти од финансиските средства кои претходно се трошеа за греење и повраток на инвестицијата за околу четири години. Досега, гасификација е спроведена во две средни училишта на Град Скопје, односно во СУГС „Здравко Цветковски“ и во СУГС „Георги Димитров“. Изработени се и проекти за гасификација на уште седум средни училишта. Во периодот што следува ќе работиме на гасификација на СУГС „Д-р Панче Караѓозов“, а потоа и на другите средни училишта за коишто се изработени проекти - објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Со реализацијата на овој проект Градот Скопје директно придонесува за почиста и поздрава животна средина и за подобар квалитет на амбиентниот воздух во градот.




*Во средното училиште „Арсени Јовков“*




*Во средното училиште „Зеф Љуш Марку“*

## СРЕДБА МЕЃУ ПРВИОТ И НАЈДОБРИТЕ

Градоначалникот Коце Трајановски на најдобрите 25 матуранти – првенци на генерацијата 2011/2015 година од 21 средно училиште од Скопје им додели признанија и парични награди, како дел од манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите“, што на 18 јуни 2015 година се одржа во Македонскиот народен театар.

## НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ

На 26 јуни 2015 година градоначалникот Коце Трајановски, во просториите на Културно-информативниот центар, им додели благодарници и награди на највисоко рангираните ученици на скопските регионални натпревари по 12 наставни предмети.

Градот Скопје во 2015 година за првпат реализира проект за поддршка на натпревари по повеќе наставни предмети кои се спроведувани од акредитирани здруженија за организација на натпревари во средните училишта на Град Скопје. За 55 највисоко рангирани ученици на скопските регионални натпревари беа доделени и парични награди во вредност од 4.000 денари.

*Во 2015 година вложени 31,3 милиони денари за реконструкција на училишните објекти*

# НЕМА ПОВЕЌЕ АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА



*СУГС „Панче Арсовски"*




За да се подобрат условите во кои учат средношколците, Градот Скопје во текот на изминатиот летен распуст ги обнови и реконструира објектите на девет средни училишта што се во негова надлежност. Меѓу нив, беше заменет и стариот азбестен покрив на училишниот објект и на надворешната фискултурна сала на СУГС „Здравко Цветковски". Со тоа, Градот Скопје ги отстрани штетните азбестни покриви од сите средни училишта во негова надлежност, што претходно беа покриени со азбестни плочи.

- Во текот на летото 2015 година градежни работи се изведуваа во девет средни училишта, а Град Скопје за реализација на овој проект од буџетот издвои околу 31,3 милиони денари. Во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" се заменуваа прозорците; во СУГС „Цветан Димов" се заменуваше столаријата и се обновија подовите во училишниот објект; СУГС „Панче Арсовски" доби нова фасада и покрив; во СУГС „Орце Николов" се работеше на реконструкција на прозорците; во СУГС „Никола Карев" се санираше покривот; во СУГС „Владо Тасевски" се реконструираа санитарните јазли; во СУГС „Браќа Миладиновци" и СУГС „Арсени Јовков" се реконструираше дворната површина на училиштето; а во СУГС „Здравко Цветковски" беше заменет стариот азбестен покрив на училишниот објект и на надворешната фискултурна сала и беа обновени паркетот, гардеробите и санитарните јазли во спортската сала. Со тоа, придонесовме значително да се подобрат условите за работа и на учениците и на наставниот кадар – вели градоначалникот Коце Трајановски.


*Замена на стариот покрив на СУГС „Здравко Цветковски"*

# ВО ШУТО ОРИЗАРИ ИЗГРАДЕНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

СУГС „Шаип Јусуф" е името на новото средно училиште што на почетокот на тековната учебна година беше отворено во општината Шуто Оризари и стана 22-то средно училиште што е во надлежност на Град Скопје. Новото средно училиште е со вкупна површина од 4.405 квадратни метри, а има 12 училници, 4 кабинети, голема фискултурна сала, читална и библиотека.

- Новото средно училиште во Општина Шуто Оризари ќе им овозможи квалитетно образование на учениците од оваа општина. Градот Скопје во својот буџет има предвидено средства за опремување на училиштето во кое учениците можат да следат настава за економската, фризерската и за градежната струка – вели градоначалникот Коце Трајановски.



# УРЕДЕН ВТОРИОТ ДЕЛ НА ПАРКОТ „МАКЕДОНИЈА“




Вториот дел на Паркот „Македонија“, што се протега по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, во јуни 2015 година доби нов и уреден лик.

- Во овој парк има зелена површина од околу 32. 000 квадратни метри, којашто претходно беше запуштена и на која имаше тополи коишто беа стари и претставуваа опасност за минувачите и за рекреативците. Во паркот сега е оформена една трим патека со бела ризла и една асфалтирана патека со 48 клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема. Поставени се и 3 летниковци, а во еден од нив се поставени 4 мермерни шаховски табли. Во паркот има содржини наменети и за децата, како и фитнес справи за вежбање. Во вториот дел на Паркот „Македонија“ е поставена нова хидрантска мрежа со 192 прскалки со кои ќе се полева зеленилото. За уредување на вториот дел од Паркот „Македонија“ од Буџетот на Градот Скопје се издвоени околу 15 милиони денари. Во паркот е поставено и ново осветлување за што Градот Скопје потроши околу милион денари. Во есенската акција за садење, пак, во овој парк засадивме над 300 листопадни дрвја, за паркот да го добие вистинскиот лик – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.




## ПАРКОТ НА БУЛЕВАРОТ ФЕВРУАРСКИ ПОХОД НАСКОРО СО НОВ ЛИК

Уредувањето на новиот парк крај булеварот Февруарски поход, во населбата Аеродром, е во завршна фаза. Веќе се оформени и тампонирани трим-патеките, се поставува системот за полевање, а зазеленет е и поголемиот дел од паркот.

Новиот парк во населбата Аеродром е со површина од околу 82.000 квадратни метри и ќе биде поголем од првиот дел на Градскиот парк. Во него ќе се постават клупи за седење, корпи за отпадоци и друга урбана опрема, а ќе се уредат и две детски игралишта. По должината на паркот ќе се постават летниковци.

За реализација на овој проект Градот Скопје ќе одвои околу 16 милиони денари.



# НОВИ СОДРЖИНИ ВО ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА „ГАЗИ БАБА“





Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ во август 2015 година изградија две нови трим-патеки во Паркот на природата „Гази Баба“ и го уредија просторот со видиковци, урбана опрема и забавни содржини.

- Екипите на ЈП „Улици и патишта“ изградија нова трим патека во Паркот на природата „Гази Баба“ којашто се протега од Природно-математичкиот факултет кон населбата Железара, од страната на Чаир. Патеката е долга 1.200 метри, а широка од 2,6 до 3 метри, во зависност од условите на теренот. Покриена е со бела ризла, а по нејзината должина се поставени 3 трим станици со фитнес елементи, рекреативен детски елемент, 15 комплети дрвени клупи со масички, чешма за вода и 4 видиковци. Дополнително, уредена е и уште една трим-патека со должина од околу 400 метри и ширина од 3 метри, којашто води од Природно-математичкиот факултет до поранешната градинка на Гази Баба. Оваа патека е покриена со асфалт и осветлена со 31 столб за осветлување. Поставени се и 4 столба на кои се монтирани 4 рефлектори за осветлување на фудбалското и 2 рефлектора за осветлување на кошаркарското игралиште. Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, пак, работеа на уредување на зеленилото и на поставување на рекреативните елементи. Уредувањето на Паркот на природата „Гази Баба“ овозможи попријатни услови за престој на граѓаните во природа и понуди нови содржини за одмор и рекреација. Во овој проект за уредување на Паркот на природата „Гази Баба“ Градот Скопје вложи околу 6,6 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

*На Водно*

# ОБНОВЕНА ПЛАНИНАРСКАТА ПАТЕКА „СЛОВЕНСКА“

Вљубениците во природата и планинарските спортови може да се рекреираат на обновената пешачко-планинарска патека „Словенска“, која во јуни 2015 година доби нов лик на потегот од полициската станица „Водно“ до Средно Водно. Патеката ја реконструираше Градот Скопје во соработка со Федерацијата на планинарски спортови и со ЈП „Паркови и зеленило“.

Обновената патека е со вкупна должина од 2.100 метри. Во текот на реконструкцијата, на патеката се поставени 34 нови дрвени скали, а реконструирани и заѕидани се 30 постојни скали. Заради безбедно движење, на три места е поставена заштитна ограда. Монтирани се и седум нови патокази и четири инфо-табли.



# НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ЗАСАДЕНИ НАД 9.500 САДНИЦИ



Во текот на 2015 година на јавните зелени површини екипи на Градот Скопје засадија над 9.500 садници и околу милион сезонски цвеќиња. Новите садници беа засадени по должината на булеварите, во парковите и во дел од блоковското зеленило.

Само во есенската акција, беа засадени околу 5.500 дрворедни листопадни дрвја, кои го збогатија зеленилото по должината на градските улици, парковите, блоковското зеленило и во дворовите на сите средни училишта што се во надлежност на Град Скопје.

Дополнително, на заинтересираните урбани и месни заедници и куќни совети Градот Скопје додели околу 4.000 садници, во две акции, пролетна и есенска.



- Градот Скопје организира континуирани акции за засадување нови дрвја на јавните површини, подигаме нови зелени површини и уредуваме нови катчиња за одмор и рекреација во природа. Со тоа придонесуваме за почиста животна средина и за зачувување на здравјето на граѓаните - вели градоначалникот Коце Трајановски.





*Во дворот на СУГС „Браќа Миладиновци“*

## ВТОР СКОПСКИ ЦВЕТЕН ФЕСТИВАЛ





Вториот СКОПСКИ ЦВЕТЕН ФЕСТИВАЛ, којшто се одржуваше на 16 и на 17 мај 2015 година во вториот дел од Градскиот парк, привлече илјадници посетители кои имаа можност да ги погледнат изложените цвеќиња, да уживаат во цветните аранжмани, да се едуцираат и да се забавуваат на отворено.

Фестивалот на цвеќето, кој се одржува под покровителство на Град Скопје, а во организација на ЈП „Паркови и зеленило“, им овозможува на посетителите да ја погледнат богатата понуда на различни цвеќиња и садници, да учествуваат во креативни работилници каде што вработени во ЈП „Паркови и зеленило“ споделуваат искуства за правилно садење и одгледување цвеќиња и да поминат убави мигови во природа со своите семејства или со пријателите.

## МОРСКИТЕ ЛАВОВИ ДОБИЈА НОВО ЖИВЕАЛИШТЕ

Во Зоолошката градина е изградено живеалиште за морски лавови и мал фламинго. Базенот со вода е со зафатнина од 450 кубни метри, а за да се одржува квалитетот на водата е воспоставен циркулационен круг низ регулациона шахта, пумпна станица за нечиста вода, пречистителна станица за отпадни води, резервоар за пречистена вода, самоиспирачки автоматски филтер, циркулациони пумпи, УВ стерилизатор за дезинфекција на водата и друго.

Овој проект е финансиран од ЈУ „Зоолошка градина Скопје“, како и од донации од Државната лотарија на Македонија и од Агенцијата за електронски комуникации. Инвестицијата е вредна околу 6,4 милиони денари.

Во Зоолошката градина е отворен и нов мултифункционален едукативен центар кој ќе се користи и како игротека, сала за семинари и состаноци, информативен центар,... Изградбата на центарот е финансирана од ЈУ „Зоолошка градина Скопје“, коишто за реализација на овој проект издвоија околу 5,7 милиони денари.



## ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ВАРДАР

Во организација на Град Скопје, ГЕФ (Глобален фонд за заштита на животната средина и природата), Институтот за сточарство-Одделението за рибарство и на Македонската риболовна федерација на 18 јуни во водите на реката Вардар, кај хотелот „Александар Палас“, беа пуштени 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка (Salmo macedonikus, Karaman, 1924).

# ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ – РЕШЕНИЕ ЗА ОТПАДОТ ОД ДОМАЌИНСТВАТА



Подземните контејнери што на почетокот на 2015 година беа поставени на повеќе локации во општините Кисела Вода, Гази Баба и Аеродром се во функција и овозможуваат поефикасно одлагање и селектирање на отпадот од домаќинствата.

Во општината Кисела Вода подземни контејнери се поставени на три локации, и тоа во населбата Драчево, на улицата Димитрие Чуповски; кај ОУ „Круме Кепески“ и на улицата Михаил Чаков, кај ОУ „Невена Георгиева Дуња“. За реализација на овој проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Кисела Вода и ЈП „Комунална хигиена“.



Во општината Гази Баба подземни контејнери се поставени во населбата Железара, на улицата Гемиџиска; во населбата Ченто (последна автобуска станица на бројот 45, кај зградите) и во населбата Автокоманда (кај пензионерскиот дом). На секоја локација се поставени по три подземни контејнери. За овој проект се издвоени 6,6 милиони денари, односно, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, Општина Гази Баба и ЈП „Комунална хигиена“.

Во општината Аеродром подземните контејнери се поставени - на булеварот Февруарски поход; на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Три бисери“ и на булеварот Јане Сандански, кај ТЦ „Капитол“. На секоја локација се поставени по три подземни контејнери, од кои два се за мешовит отпад од домаќинствата, а еден контејнер е за ПВЦ амбалажа. Вкупната инвестиција за овој проект изнесува 6,6 милиони денари и во неа подеднакво, со по 2,2 милиона денари, учествуваат Градот Скопје, ЈП „Комунална хигиена“ и Општина Аеродром.

# ВОВЕДЕН НОВ НАЧИН НА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Градот Скопје на 6 декември ги промовира новите 5 возила на ЈП „Комунална хигиена“ за собирање кабаст и инертен отпад.

- Почнуваме нов начин на организирано собирање на кабастиот и на инертниот отпад. Оваа акција е покрената по барање на граѓаните. Со воведувањето на новата програма за третирање на овој вид отпад, граѓаните ќе имаат можност да се договорат со општината во којашто живеат и со ЈП „Комунална хигиена“ и 4 пати во годината бесплатно, на определени локации и во договорени термини, да ги остават своите стари и непотребни предмети и инертниот отпад од реновирање, уредно спакуван во вреќи. Граѓаните во текот на годината во кое било време ќе можат да ги повикаат екипите на ЈП „Комунална хигиена“ да го подигнат овој вид отпад од пред нивните домови, но со симболична наплата на услугата. Исто така, напоменуваме дека самите граѓани може бесплатно, во кое било време и со сопствен превоз овој вид отпад да го одложат во рециклажниот двор на ЈП „Комунална хигиена“ во Карпош. Со набавка на овие нови 5 специјални возила во вредност од околу 8 милиони денари се надеваме и очекуваме да се подобри третирањето на овој вид отпад - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Граѓаните може да се јават на бесплатниот телефон 0 800 222 33 и да ја повикаат службата да го собере нивниот отпад.



# НАБАВЕНИ 1. 000 ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ОТПАД



Јавното претпријатие „Комунална хигиена“ во 2015 година набави 1. 000 нови пластични контејнери за комунален отпад кои се поставени на градските улици.

- Со цел да се подобри подигањето на отпадот на територијата на градот Скопје, набавени се 1. 000 нови пластични контејнери, секој со зафатнина од 1,1 кубни метри. Овие контејнери ги задоволуваат стандардите EN 840-2,5,6 и се изработени од нерециклиран високомолекуларен полиетилен, отпорни се на високи и ниски температури, УВ-зраци и на хемиски и биолошки влијанија. Апелираме до граѓаните во овие контејнери да не одлагаат запаллив отпад и да ги чуваат од оштетувања - изјави градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите контејнери, која се одржа на 5 мај.

Набавените контејнери се со рамен капак кој се отвора со механизам што се придвижува со нога, а се празнат со постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“.

*Донација од Пакомак*

# НОВИ 80 КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ ОТПАД



Во ноември Градот Скопје доби нови 80 пластични контејнери, донација од ДОО „Пакомак” - Скопје.

- Овие пластични контејнери се со специјална форма на ѕвоно, со наменски отвор за одлагање отпад. Контејнерите се со капацитет од 1,5 кубни метри и се во три бои, во зависност од видот на отпадот што ќе се одлага во нив. Со реализацијата на овој проект значително ќе се подобри јавната хигиена во Скопје, а за првпат во Република Македонија ќе почнеме и да собираме селектиран отпад од стакло - вели градоначалникот Коце Трајановски.

Директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи, објаснува дека во наредниот период новите контејнери ќе се поставуваат на повеќе локации на градските улици.

- Јавното претпријатие подготвено ја дочека оваа донација - набавивме и адаптиравме специјално возило за собирање на отпадот од овие контејнери. Возилото има капацитет од 8 тони и специјална кранска рака која може да крене контејнер со тежина до 5 тони - вели Дочи.

За набавка на новото возило со кранска рака ЈП „Комунална хигиена“ потроши околу 6 милиони денари.

# РЕДОВНО СЕ ЧИСТАТ КОРИТАТА НА ВАРДАР И НА СЕРАВА

Градот Скопје во 2015 година организира редовни активности за чистење на коритата и косините на реките Вардар и Серава, како и на Усјанскиот канал, при што беа отстранети наноси на земја, мил, комунален отпад и нискостеблеста вегетација.

На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.



## НАГРАДИ ЗА НАЈГОЛЕМ ПРИДОНЕС ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Градоначалникот Коце Трајановски на 5 јуни - Денот на животната средина ги додели наградите на најдобрите во традиционалниот градски конкурс за најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, за најубаво уреден двор и за најубав состав и цртеж на тема екологија за ученици од основните и од средните училишта.

За Најголем придонес во областа на заштитата на животната средина наградата ја доби Компанијата„Ф-ГРУПАЦИЈА" - лиценцирана компанија за вршење дејност за складирање и третман на отпад од електрична и електронска опрема и други видови отпад, отпад од батерии и од акумулатори, отпадна пластика, хартија и друго, која во последниве три години има складирано и третирано околу 200 тони отпад од електрична и електронска опрема, околу 10 тони батерии и околу 50 тони акумулатори.

За Најубаво уреден двор на индивидуална куќа, наградата ја поделија:

- Стојан Арсиќ, за двор во населбата Ќерамидница
- Игор Цветковски, за двор во населбата Драчево

За Најубав состав на тема екологија, за ученици од основните училишта наградата отиде во рацете на:

- Јована Неделковска VII одделение во ОУ „Наум Охридски"

За Најубав состав на тема екологија, за ученици од средните училишта наградата ја освои:

- Ања Петковска IIб во СУГС „Кочо Рацин"

За Најубав цртеж на тема екологија, за ученици од основните училишта наградата ја делат:

- Ангела Ацковска Vа одделение во ОУ „Војдан Чернодрински" и
- Надица Ангеловска VIIб одделение во ОУ „Григор Прличев"

За Најубав цртеж на тема екологија, за ученици од средните училишта наградата отиде во рацете на:

- Стефан Александарски IIа во ДСУЛУД „Лазар Личеноски".



## ДЕНОВИ НА ПРОЛЕТТА - ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА

Како дел од традиционалната градска манифестација „Денови на пролетта - денови на екологијата" на 20 март 2015 година во Паркот на природата „Гази Баба" се одржаа едукативни предавања за заштита на бувот и акции за садење дрвца.

Едукативните предавања за значењето и заштитата на бувот, за децата од градинката „Детска радост" од општината Гази Баба, ги спроведе Македонското здружение за заштита на бувови („Macedonia owl trust"), а во паркот беа поставени и повеќе куќарки за бувови. Ученици од СУГС „Панче Арсовски" и од СУГС „Цветан Димов", пак, засадија околу 100 дрвја.

Акција за садење дрвја се одржа и на Средно Водно, кај почетната станица на жичницата, каде што Градот Скопје во соработка со Друштвото за управување со пакувања и отпад од пакувања „ПАКОМАК" засадија 60 дрвја, а се поставуваа и табли со еко-пораки и со историски податоци за Скопје по должината на планинарските патеки на парк-шумата „Водно".



## АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Градот Скопје, Општината Гази Баба и Факултетот за земјоделски науки и храна на 22 април 2015 година организираа голема акција за чистење и уредување на јавните пешачки и зелени површини по должината на булеварот Александар Македонски, на потегот од крстосницата со улицата 16.Македонска бригада до клучката кај хотелот „Континентал", како и во кругот на факултетскиот кампус. Акцијата за чистење се организираше по повод 22 Април – Денот на планетата Земја, а како дел од проектот „Градиме здрава, зелена и безбедна иднина".

*Како една од мерките за намалување на загадувањето на воздухот*

# ГРАДСКИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ СЕ ТРЕТИРААТ СО КАЛЦИУМ МАГНЕЗИУМ АЦЕТАТ

Градот Скопје преку ЈП „Комунална хигиена“ изминатава есен за првпат почна да ги прска градските сообраќајници со средството калциум магнезиум ацетат, како една од мерките за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух. Со овој процес се опфатени неколку градски сообраќајници - булеварот Свети Климент Охридски и улиците Свети Кирил и Методиј и Јордан Мијалков, во центарот на градот, како и булеварите Трета македонска бригада и Србија, во Аеродром. За реализација на овој процес, ЈП „Комунална хигиена“ адаптираше 6 возила.

Станува збор за средство кое се користи за контрола и намалување на ситната прашина (ПМ10 и ПМ2,5 честичките) и за стабилизација на патиштата. Средството е еколошки производ, биоразградлив, не е штетен за растенијата (погоден е за апликација во близина на паркови и зелени површини), а најважно е што не е корозивен (нема да предизвика оштетување на возилата). Производот е лесен за апликација и целосно е стабилен, што значи може да се чува за подолг период. При неговото аплицирање како резултат на неговиот состав може да се почувствува слаб мирис на оцет, кој исто така не е опасен по здравјето на луѓето.

Брзината на сообраќајниците каде што се аплицира средството калциум магнезиум ацетат е ограничена на 40 километри/час, заради можна појава на лизгавост на коловозот. На улиците е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.




# ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ 2015





Со презентација на активностите што се преземаат за заштита на животната средина и на природата Градот Скопје на 16 септември го означи почетокот на манифестацијата „Европска недела на мобилност 2015“. Пристапницата за приклучување кон неделата што е посветена на промоција на алтернативните видови транспорт и на заштита на животната средина ја потпиша градоначалникот на Градот Скопје, Коце Трајановски.

Во текот на неделата на мобилност 2015 се одржаа многубројни предавања за алтернативните видови транспорт, презентација на проектот „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“, акции за чистење на Водно, обука за електрични возила, електровелосипеди и електромопеди за ученици од основните и од средните училишта од Скопје, експо на електрични и хибридни возила, како и работилници за предизвиците што се исправаат пред урбаните средини како резултат на климатските промени, со примена на Форсајт методологијата.

Европската недела на мобилност традиционално заврши со големо велосипедско дефиле што се возеше по градските улици на 22 Септември - Меѓународниот ден без автомобили.

# РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Четиристотини пензионери учествуваа на Републичките спортски натпревари на пензионерите што на 4 септември 2015 година се одржаа во комплексот „Њу стар". Пензионерите се натпреваруваа во повеќе спортски дисциплини како влечење јаже, табла, шах, пикадо, стрелање и трчање.

- Градот Скопје има одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионери на Град Скопје, која се базира на меѓусебен договор и заемно учество во реализација на разни програми и активности кои имаат за цел остварување поквалитетен живот на пензионерите. Соработката ќе продолжи и натаму. Градот организира групен превоз за пензионерите на излетнички дестинации на подрачјето на Скопје и на територијата на Република Македонија, како и бесплатен превоз на возрасни лица четири дена во неделата – вторник, петок, сабота и во недела. Град Скопје секоја година од својот буџет издвојува 500.000 денари за поддршка



на активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на доделувањето на наградите на најдобрите учесници во игрите.

# ПЕНЗИОНЕРСКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ И ИГРИ 2015



Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2015 се одржа на 9 јуни, во Македонската опера и балет.

- Оваа ревија која ги обединува активностите на над 40 здруженија на пензионери во државата е од исклучителна важност за пензионерите во Македонија и тоа не само поради придонесот што го има во зачувувањето на културната традиција, преку негување на фолклорот, туку е значајна и поради тоа што дава можност за дружење, социјализација и подолг и поквалитетен живот на пензионерите. Токму затоа и Министерството за култура оваа ревија ја прогласи за национален интерес за културата на државата - нагласи градоначалникот Коце Трајановски, во своето обраќање до присутните на Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2015.

# ОТВОРЕН ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

На улицата Васил Ѓоргов број 4, во Капиштец, на 10 јуни 2015 година беше отворен новиот Центар за лица со интелектуална попреченост над 18-годишна возраст.

Отворањето на новиот Дневен центар е резултат на заедничката иницијатива на Градот Скопје, Министерството за труд и социјална политика и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА" од Скопје. Центарот обезбедува дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, советодавна работа и организирано поминување на времето на лицата со попреченост во интелектуалниот развој, над 18-годишна возраст.

За непречено функционирање на Дневниот центар во Капиштец Градот Скопје обезбеди финансиски средства во висина од 400.000 денари.

Во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години „Порака", во населбата Капиштец, оваа есен беше отворена и реновирана работилница за спортски и креативни активности. Финансиските средства за уредување на работилницата во износ од 280.000 денари беа обезбедени од Меѓународниот базар организиран од невладината организација „Добредојде" – Macedonia welcome centar, како и од Градот Скопје.



# ВЕЖБА ЗА СПАСУВАЊЕ „ВАРДАР 2015“



На кејот на реката Вардар, покрај мостот „Тодор Александров“ во Аеродром, на 23 април 2015 година се одржа вежба за справување со поплави во урбана зона - „Вардар 2015“. Вежбата е во рамките на Програмата на Европската комисија за цивилна заштита и хуманитарна помош, а во организација на Градот Скопје, кој е партнер на европскиот проект за зајакнување на локалните капацитети за справување со поплави „АХЕЛУС“.

Со вежбата „Вардар 2015“ раководеше Штабот за заштита и спасување на Град Скопје, а учествуваа сите јавни градски претпријатија, Противпожарната бригада, Секторот за посебни единици на МВР, СВР Скопје, Регионалниот центар на Центарот за управување со кризи, Подрачната единица на Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, ЕЛЕМ, ЕВН, Црвениот крст на град Скопје, Службата за итна медицинска помош на подрачјето на градот Скопје, АРМ, како и претставници од тела од повеќе општини од Скопскиот плански регион низ кои поминува реката Вардар. Во оваа вежба беа ангажирани 185 лица од градските служби и од институциите, 50 волонтери/студенти од Факултетот за безбедност и Институтот за безбедност, мир и развој од Скопје. Дополнително, беа ангажирани 8 специјални возила од различен тип, 3 речни чамци за спасување, моторна пумпа, 4 амбулантни возила, 3 полициски возила и хелихоптер.





## СОЛИДАРНОСТ ЗА НЕПАЛ

Советот на Град Скопје на 44-та седница, којашто се одржа на 30 април 2015 година, донесе Одлука за давање помош на настраданите во катастрофалниот земјотрес во Демократска Република Непал. Градот Скопје, како израз на солидарност спрема настраданите, додели парична помош во износ од милион денари.

## ПОМОШ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ВО ТЕТОВСКО И ВО ОХРИДСКО

По силното невреме и поплавите што во август 2015 година го зафатија регионот на Тетово и околината Градот Скопје испрати тим за техничка помош и механизација за расчистување на последиците од надојдената вода. Советот на Град Скопје, пак, на 52-та седница што се одржа на 31 август 2015 година донесе Одлука за давање помош на настраданите во поплавите во Тетово и околината. Градот Скопје, како израз на солидарност, додели парична помош од три милиони денари.

Градот Скопје испрати тим и техничка помош за справување со последиците од поплавите и во Охрид и околината, по интензивните врнежи од дожд што ја зафатија нашава земја на почетокот на месец октомври.

# МЕЃУНАРОДЕН САТЕЛИТ ТУРНИР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Одбојкарската двојка Косиак/Рудол од Полска триумфираше на шестиот Меѓународен турнир во одбојка на песок „САТЕЛИТ СКОПЈЕ 2015“ во машка конкуренција што на терените на Градската плажа „Парк“ се играше од 19 до 23 август 2015 година. На второто место на овој турнир се пласираше двојката Коцилианос/Зупанис од Грција, а третото место го освои одбојкарската двојка Коекелкорен/Ван Вале од Белгија.

- Во Скопје и во Република Македонија за првпат се одржува одбојкарски турнир од ваков висок ранг. Овој турнир годинава за првпат се најде на европската мапа за одбојка на плажа и влезе во календарот на Европската одбојкарска конфедерација (CEV), како сателит турнир - истакна градоначалникот Коце Трајановски, кој ги додели медалите за освоено прво место на турнирот „САТЕЛИТ СКОПЈЕ 2015“.

Во овој одбојкарски турнир учествуваа најдобрите одбојкарски двојки од Белгија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Чешка, Данска, Англија, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Летонија, Норвешка, Полска, Русија, Сан Марино, Србија, Швајцарија, Турција и домаќинот Македонија.

Наградниот фонд на турнирот изнесува 8.000 евра. Одбојкарската федерација на Македонија е организатор на турнирот, а Градот Скопје финансиски го поддржува со 800.000 денари.




# МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ ТУРНИР ВО РАКОМЕТ

Петтиот по ред Меѓународен младински турнир во ракомет во сала „Скопје 2015“ се одржуваше од 13 до 19 август 2015 година во спортската сала „Расадник“ во Кисела Вода и во спортската сала на СУГС „Кочо Рацин“ во Ѓорче Петров. На овој турнир силите ги одмерија 20 екипи од Македонија, Србија и од Црна Гора, во машка и во женска конкуренција.

Најдобра во генерацијата 2000 година и помлади (мажи) беше екипата на РК „МЕТАЛУРГ“ СКОПЈЕ; најдобра во генерацијата 1998 година и помлади (мажи) беше екипата на РК „МЕТАЛУРГ“ СКОПЈЕ, а најдобра во генерацијата 1998 година и помлади (жени) беше екипата на РК „БАР“ – БАР.



Организатор на Меѓународниот младински турнир во ракомет во сала „Скопје 2015“ е Ракометниот клуб „Работнички“ од Скопје. Градот Скопје е покровител на турнирот и финансиски ја поддржува неговата организација со 70.000 денари.

## „ПРВ ДО ВРВ“

На 24 мај 2015 година по третпат се одржа манифестацијата за рекреативно искачување на Водно „Прв до врв“. Во годинешната трка учествуваа неколку илјади натпреварувачи, во машка и во женска конкуренција во традиционална планинарска трка, а се одржа и велосипедска планинска и друмска трка. На врвот на Водно, на најуспешните медалите им ги додели градоначалникот Коце Трајановски.

## „СКОПЈЕ КУП 2015“

Од 5 до 11 август 2015 година на повеќе терени во Скопје се играа натпреварите од вториот по ред Меѓународен младински турнир во фудбал во машка конкуренција „Скопје Куп 2015“. Годинава на турнирот учествуваа 32 екипи од Македонија, Албанија Србија, Хрватска и од Бугарија.

Во овој турнир, најдобра во генерацијата 2001 година и помлади беше екипата на ФК Партизан – Белград, а најдобра во генерацијата 1999 година и помлади беше, исто така, екипата на ФК Партизан – Белград.



Меѓународниот младински турнир во фудбал „Скопје Куп 2015“ го организираше Здружението „Скопје куп“ и Фудбалската федерација на Македонија. Градот Скопје ја поддржа организацијата на овој турнир со 100. 000 денари.

## ГОЛЕМ УСПЕХ НА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ

Околу 6. 000 ученици од 28 средни училишта учествуваа во системот на натпревари меѓу средните училишта во Скопје, во учебната 2014/2015 година. Беа одиграни околу 1.000 натпревари во ракомет, кошарка, футсал, одбојка, стрелаштво во машка и во женска конкуренција, а се организираа и натпревари во бадминтон, атлетика, пинг – понг, карате и шах.

Финалните натпревари се одиграа од 12 до 14 мај 2015 година во спортските сали на СУГС „Кочо Рацин" и на СУГС „Васил Антевски-Дрен", на препознатливиот градски фајнл фор. Градскиот првак и второпласираниот од скопската зона учествуваа во финалните натпревари на државно ниво.

За организација на средноучилишните спортски лиги Градот Скопје во 2015 година одвои два милиона денари.

## НАЈДОБРИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ НА НАТПРЕВАРИ ВО ИСТАНБУЛ

Во април 2015 година, најдобрите средношколци-спортисти од Скопје се натпреваруваа со своите врсници од Истанбул, на 5-те по ред спортски натпревари во женска и во машка конкуренција во кошарка, ракомет, футсал, како и во одбојка во женска конкуренција.

- Ова е петто гостување на најдобрите средношколци-спортисти од Скопје во поголемите градови во регионот. Досега гостувавме во Љубљана, Загреб, Белград, Софија, а сега сме во Истанбул. Градот Скопје бележи голем успех во афирмирањето на спортот меѓу средношколците и придонесува што поголем број ученици да се занимаваат со спорт – рече градоначалникот Коце Трајановски, на гостувањето во Истанбул.



## ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „8 СЕПТЕМВРИ"

Првото место на традиционалниот турнир во мал фудбал „8 Септември" што се организира по повод Денот на независноста го освоија фудбалерите на екипата Гостилница „Дома". На спортското игралиште во населбата Триангла, Маџари, спортските сили ги одмерија над 65 екипи од Скопје и од други општини од Македонија.

Организатор на турнирот „8 Септември", кој се одржува по осми пат, е здружението „БА ТУ ТА СПОРТ", а Градот Скопје ја поддржува неговата организација со 150. 000 денари.



## ИКАС 2015

Душан Стојиљковиќ од Србија триумфираше на 47. издание на меѓународната манифестација „Илинденски кајак слалом – ИКАС 2015", што на 4 и на 5 април се возеше на патеката на Матка.

Во ова издание на ИКАС учествуваа 150 натпреварувачи од Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Грција, Турција, Украина, Казахстан, Литванија, Црна Гора и од Бугарија. Град Скопје за организација на ИКАС издвои околу 180.000 денари.



# НОВИ УНИФОРМИ ЗА ГРАДСКИОТ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР



Членовите на Градскиот дувачки оркестар оваа есен добија нови униформи.

- Новите униформи на Градскиот дувачки оркестар се креација на модната куќа „Елена Лука“ и се соодветни за оркестар од ваков тип. Овој оркестар настапува на сите манифестации во Скопје, за одбележување значајни градски датуми и државни празници, на разни локации - плоштади, трговски центри, паркови... Градскиот дувачки оркестар функционира во рамките на Младинскиот културен центар, а Градот Скопје секоја година за неговата работа издвојува по 1,5 милиони денари. За набавка на овие зимски униформи Градот Скопје потроши 400.000 денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите униформи, што се одржа на 10 октомври, во Градскиот трговски центар.

# ОТКРИЕНА СПОМЕН-ПЛОЧА НА ЈУРИЈ ГАГАРИН

На 16 април 2015 година во паркот „Македонија“ беше откриена спомен-плоча на космонаутот Јуриј Гагарин.



- Од името на граѓаните на Скопје сакам да изразам благодарност на амбасадата на Руската федерација во Република Македонија и лично на амбасадорот, Н.Е. Олег Шчербак, за неговите напори на македонската престолнина да и подари спомен-обележје за човекот кој е светски симбол за надминување на границите на човечките достигнувања и можности. На 12 април 1961 година космонаутот Јуриј Гагарин излезе од земјината атмосфера и по повеќе од час и половина престој во вселената безбедно се врати на земјата. Оттогаш почна да се испишува нова страница во човековата историја. И денес Гагарин е симбол за бестрашност, за технолошки просперитет и за прв чекор кон освојувањето на простори надвор од границите на земјината топка. Затоа, граѓаните на Скопје со задоволство го одбележуваат денот на летот на првиот човек во вселената и со задоволство ја примаат оваа донација - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на откривањето на ова спомен-обележје.

Во паркот на Франкофонијата, близу Градскиот парк, на 10 март 2015 година беше поставена спомен-плоча во чест на загинатите француски војници во Македонија во Првата светска војна. Поставувањето на оваа спомен-плоча е дел од активностите на француската амбасада во Република Македонија, за одбележување на 100-годишнината од почетокот на Првата светска војна.

- Оваа спомен-плоча ќе биде потсетување за храброста и пожртвуваноста на француските војници кои ги дадоа своите животи во Првата светска војна, како и во битката во Скопје која се одвивала на 29 и на 30 септември 1918 година - рече градоначалникот Коце Трајановски, на откривањето на спомен-плочата.



# УСПЕШНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА „ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ - ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА РЕГИОНИ И ГРАДОВИ“

Градот Скопје успешно се претстави на 13-то издание на „Отворени денови - Европска недела на региони и градови“ што од 12 до 15 октомври 2015 година се одржуваше во Брисел. Во рамките на овој традиционален настан, Градот Скопје првпат организира отворен ден кој се одржа во Мисијата на Република Македонија во Брисел, а присутните гости и учесници во Отворените денови имаа можност да се запознаат со Скопје, неговите можности, македонската традиционална кујна, вино и музика.






На овој настан, градовите и регионите од Европа се претставуваат пред јавноста и разменуваат искуства за економски развој и социјална инклузија, јавно-приватно партнерство, прекугранична соработка, за регионалните иновации и локалниот економски развој.

Во рамките на „Отворени денови - Европска недела на региони и градови“, градоначалникот Коце Трајановски ја потпиша „Зелената дигитална повелба“ (Green digital charter).

- Градот Скопје стана 48-от град во Европа што ја потпишал оваа повелба и првиот град што ја потпишал од земјите на Западен Балкан. Со потпишувањето на оваа повелба, градовите се обврзуваат, преку соработка со другите градови-потписници и со поголема примена на информациските и комуникациските технологии, да преземаат активности за заштита на животната средина и за зголемување на енергетската ефикасност - нагласи градоначалникот Трајановски.

## САМИТ НА ГЛАВНИ ГРАДОВИ 2015

Градоначалникот Коце Трајановски присуствуваше на Самитот на главни градови од централна и југоисточна Европа 2015, којшто се одржа на 23 април во Белград. На Самитот учествуваа и Александар Вучиќ, Премиер на Србија, Синиша Мали, градоначалник на Белград, Иво Комишиќ, градоначалник на Сараево, Милан Бандиќ, градоначалник на Загреб, Зоран Јанковиќ, градоначалник на Љубљана, како и претставници од Виена, Варшава, Атина, Будимпешта, Софија, Тирана и од Подгорица.

Овој самит е одлична можност за унапредување на соработката меѓу регионите и главните градови, поттикнување на економската соработка, економската размена и инвестициите, како и промоција на најдобрите примери во областа на инфраструктурата, урбанистичкиот развој и развојот на јавните и комуналните услуги.




## ТРАЈАНОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ИСТАНБУЛ

На 20 април 2015 година во рамките на посетата на Истанбул, Турција, градоначалникот Коце Трајановски и делегација од Советот на Град Скопје оствари средба со градоначалникот на Град Истанбул, Кадир Топбаш.

- На оваа средба дискутиравме за прашања од областа на сообраќајот, урбанизмот, хортикултурата, градежништвото - за сите области што се во надлежност на локалната самоуправа. Токму локалната самоуправа е една од најдобрите можности за соработка меѓу државите, бидејќи проблемите со коишто се соочуваат градовите, независно од која земја се, се исти - нагласи градоначалникот Трајановски, по средбата.





„Баскерфест 2015“



Туристичка стража



Оро без граници



Бела ноќ 2015



„Вино-скоп 2015“



„Пиволенд 2015“



Звуците на чаршијата



Скопско лето 2015